Врз основа на член 93 став (6) од Законот за енергетика* ("Службен весник на Република Македонија" бр. 96/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 13 август 2020 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за одобрување на барање за промена на категорија на приклучок

1. Се одобрува барањето на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр.12-1708/1 од 7 август 2020 година за промена на категорија на приклучок на потрошувачот Друштво за производство, трговија и услуги увоз-извоз МЕРК ДООЕЛ Струмица, со ЕДБ 4027001130382 и тоа:
   - место на потрошувачка бр.1805510030004,
   - адреса на мерно место: ул. Г. Делчев бб, Струмица
   - постоечка категорија на приклучок: LV2,
   - нова категорија на приклучок: LV1.2,
   - напонско ниво на мерење: низок напон и
   - локација на мерење: низок напон посебен извод до ТС.

2. Се задолжува Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје да ја ажурира листата од член 93 став (3) точка 5) од Законот за енергетика* за промената на категорија на приклучок од LV2 во LV1.2 на потрошувачот Друштво за производство, трговија и услуги увоз-извоз МЕРК ДООЕЛ Струмица и посебно да ја наведе причината за промена на категоријата на приклучокот.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, врз основа на член 93 став (6) од Законот за енергетика*, достави до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија Барање за одобрување на промена на категорија на приклучок бр. 12-1708/1 од 7 август 2020 година.

Барањето се однесува на промена на категорија на приклучок од LV2 во LV1.2 на потрошувачот Друштво за производство, трговија и услуги увоз-извоз МЕРК ДООЕЛ Струмица, место на потрошувачка бр. 1805510030004 и адреса на мерно место ул. Г. Делчев бб, Струмица.

Барањето е поднесено како резултат на планирана дислокација од страна на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, како оператор на електродистрибутивниот систем, со која мерното место ќе се дислоцира од објектот на корисникот на самостоен извод наменет само за корисникот до ТС. Со тоа потребно е да се промени категоријата на приклучок за ова мерно место од LV2 во LV1.2. Во прилог на барањето Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје достави фотографија од мерното место, ГИС скица и информација дека мерното место не е во постапка на промена на снабдувач.

Имајќи го во предвид горенаведеното, како и член 4 став (2) точка 4) од Тарифниот систем за дистрибуција на електрична енергија на потрошувачите приклучени на електродистрибутивниот систем на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје ("Службен весник на Република Македонија" бр. 95/19) согласно кој, во категоријата LV1.2 припаѓаат нисконапонски

приклучоци преку кои електричната енергија се презема директно од нисконапонски собирници во трансформаторските станици на среден напон/низок напон, при што мерењето на испорачаната електрична енергија може да биде и на објектот на потрошувачот, доколку на изводот нема приклучено друг потрошувач, а преземената електрична енергија не е наменета за јавно осветление, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение, може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП 1 бр. 12-1708/2**
**13 август 2020 година**
**Скопје**

**Претседател**
**на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги**
**на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**